


# Ten Barrels Cabernet Sauvignon 2011 Reserva

Премиум црвено вино добиено од сортата Cabernet Sauvignon. Виното е со изразена рубин црвена боја со темноцрвени нијанси. Вистинска резерва со препознатлив, зрел, раскошен мирис со овошно-зачински карактер. Потсетува на ситнозрнесто црвено овошје, во комбинација со сладок корен, темно чоколадо, печено кафе и нане, надополнети со ванилинско-зачински тонови. Оваа комплексност се должи на 31-месечното созревање во нови барик-буриња од француски и американски даб. Вкусот е полн, хармоничен, со цврста структура, импресивни и нагласени танини и продолжен пријатен послевкус кој на ова вино му дава посебен шарм.

Виното се послужува на температура 16 -18°C и одлично се комбинира со специјалитети од разни видови месо, а особено со бифтек во сос од зелен бибер или дивеч во пикантен сос.

**Алкохол**: 15.3 % Vol.

**Полнето**: Декември 2014

НАГРАДИ:

-Terravino 2015, Израел - **Двојно злато**

-International Wine Competition Bucharest 2015, Романија - **Златен медал**